МАКПРОМЕТ АД
0202-222
20.08.2020 година

Собрание на акционери

ДО: СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Врз основа на член 456 став 5 од одредбите од Законот за трговски друштва Одборот на директори на Друштво за трговија и услуги МАКПРОМЕТ АД Штип , на ден 20.08.2020_доставува:

## И З В Е С Т У В А Њ Е
за голема зделка

Одборот на директори на Друштво за трговија и услуги МАКПРОМЕТ АД Штип, го доставува ова известување за голема зделка со предлог Собранието на акционери преку претставените акционери да го разгледа предлогот и да даде препорака односно истата да ја одобри или акционерите да го задржат правото да не ја одобрат големата зделка.

***Предмет*** на голема зделка е склучување на Договор за рамковен револвинг кредит лимит, на износ од 2.000.000 Евра, со рок до 30.06.2030 година, како и поединечните договори кои ке се склучат врз основа на Договот за РРКЛ кои со анекси кон договорите ќе се склучат во договорот за РРКЛ , кои се сметаат за составен дел на договорот за РРКЛ , под услови и рокови утврдени во поединечните договори.

Заради обезбедување на обврските по Договорот за РРКЛ , Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип издава ќе издаде 3 (три) бланко сопствени акцептирани меници, со менична изјава-согласност банката да ги попони и употреби за наплата на своите побарувања, без протест , утврдени со нотарски акт и клаузула за извршност – акцептирани и трасирани од друштвото – корисник – должник и авалирани од друштвото за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип и трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија, услуги и транспорт ИЛИНДЕН 2002 ДООЕЛ увоз извоз Штип .

Заради обезбедување на обврските по Договорот за РРКЛ, Друштвото за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип и трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство , трговија, услуги и транспорт

ИЛИНДЕН 2002 ДООЕЛ увоз извоз Штип, да авалираат 3 (три) бланко сопствени акцептирани меници со менична изјава – согласност банката да ги пополни и употреби за наплата без протест , уредени со нотарски акт и клаузула на извршност – издадени акцептирани и трасирани од друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип.

***Страни*** на големата зделка се Комерцијална Банка АД во својство на доверител и Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип , со ЕДБ 4029998114171 и ЕМБС 5224969 во својство на корисник – должник .

***Корисник*** на големата зделка Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип , со ЕДБ 4029998114171 и ЕМБС 5224969 во својство на корисник – должник .

***Вредноста*** на големата зделка изнесува 2.000.000 Евра

***Обемот*** на големата зделка изнесува _76,44% од книговодствената вредност на имотот на МАКПРОМЕТ АД Штип по последната ревидирана завршна сметка и истата подлежи на правилата за одобрување на големата зделка согласно ЗТД.

***Други материјални услови***:

Управителот на Друштвото за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип , во име и за сметка на друштвото ќе го потпише договорот за РРКЛ , врз основа на заложно право на износ од еур 2.000.000 со рок до 30.06.2030 година , како и поединечните договори и анекси кои ќе се склучат врз основа на Договорот за РРКЛ , да го склучи и поптише пред Нотар , Договорот за залог врз недвижен имот со својство на извршна исправа потребен за запишување на заложното право во корист на Комерцијална Банка АД Скопје , со сите извршни клаузули кои ги содржи договорот , Договорот за залог врз подвижни предмети со својство на извршна исправа потребен за запишување на заложното право во корист на Комерцијална Банка АД Скопје со сите извршни клаузули кои ги содржи тој договор, да го склучи и потврди пред Нотар , Нотарскиот акт за меница со својство на извршност и меничните бланкети акцептирани и трасирани од ЕВРОПА ДООЕЛ Штип и авалирани од Друштво за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип и трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство , трговија , услуги и транспорт ИЛИНДЕН 2002 ДООЕЛ увоз извоз Штип како и сета останата документација потребна за предметната работа пред надлежен Нотар.

Извршниот директор со неограничени овластувања во внатершниот и надворешниот промет на Друштво за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип и во име и за сметка на Друштвото во својство на АВАЛИСТ да ги потпиеше меничните бланкети и да го потпиеше и потврди Нотарскиот акт за уредување на меници со својство на извршност врз основа на кој гарантира со целокупниот недвижен и подвижен имот и со сите средства на сметките кај Банките како и да ја потпиеше сета останата документација потребна за предметната правна работа пред Банка и Нотар.

Управителот на Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство,трговија, услуги и транспорт ИЛИНДЕН 2002 ДООЕЛ увоз-извоз Штип, без ограничувања, во име и за сметка на Друштвото во својство на АВАЛИСТ да ги потпише меничните бланкети и да го потпиеше и потврди Нотарскиот акт за уредување на меници со својство на извршност врз основа на кој гарантира со целокупниот недвижен и подвижен имот и со сите средства на сметките на Банките како и да ја потпиеше сета останата документација потребна за предметната правна работа пред банката и нотар.

МАКПРОМЕТ АД ШТИП
Одбор на директори
Пиха Стерјова
Ленче Ѓоргиева
Миле Атанасов